Враќа
01.12.2017
N. [illegible]

Т II

Драги

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИ
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕ
СКОПЈЕ

| Примено: 01.12.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Организа | Број | Прилог | Вредно |
| НП | 1534/17 | | |

Република Македонија
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Бр. 44-5048/1**
**28.11.2017 година**
**Скопје**

**ДО НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 28.11.2017 година ја разгледа Иницијативата до овластени предлагачи за измена и дополнување на закони и други подзаконски акти, доставена од Народниот правобранител на Република Македонија под број 1534/17 од 16.8.2017 година и имајќи ги предвид мислењата на Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, во кои е подржана Иницијативата за Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Законот за семејство и Законот за средно образование, ја прифати Иницијативата и заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Македонија, согласно член 34 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија", бр. 62/2003, 114/2009, 181/2016 и 189/2016).

**ПРИЛОГ 3:**
- Мислење на Министерството за правда
- Мислење на Министерството за труд и социјална политика
- Мислење на Министерството за образование и наука

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

кон-Т

Република Македонија
Министерство за правда

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 12-09-2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 44- | 5048 | /4 | |

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
BUREAU VERITAS 1828

ДО

ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

Бр. 14-2733/2

Скопје, 07. 09. 2017


Влада на Република Македонија

Министерство за правда

Димитоие Чуповски бр. 9
1000 Скопје
Република Македонија

Тел (02) ________
Факс (02) ________

Сајт www.pravda.gov.mk
E-Mail tkikerekova@mjustice.gov.mk


Предмет: Мислење по Иницијатива на Народен правобранител за измена и дополнување на Кривичен законик:

Врска: Ваш број: 44-5048/1 од 25.08.2017година:

Министерството за правда во врска со вашето барање во рамки на својата надлежност ве известува дека ја поддржува Иницијативата на Народниот правобранител со која се предлага измена и дополнување на Кривичниот законик во член 197 со што ќе се инкриминира состојбата кога полнолетно лице живее во вонбрачна заедница со лице кое наполнило 16 а не наполнило 18години со и без согласност на родител/старател.

Наведената иницијатива е во согласност со барањата кои произлегуваат од Конвенцијата за правата на детето и Комитетот за правата на детето. Воедно, тоа ќе придонесе кон превенција на детските бракови.

Во врска со предлозите за измени и дополнувања во другите закони, ве известуваме дека ова министерство нема надлежност.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,
Bilen Saliji

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА СКОПЈЕ